## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 19 став (7) од Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/05, 4/08, 48/10, 158/10, 44/11, 53/11, 11/12, 171/12, 187/13, 15/15, 129/15, 154/15, 192/15, 23/16 и 144/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 23 март 2020 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА УКИНУВАЊЕ НА УВОЗНАТА ДАВАЧКА - ЦАРИНСКАТА СТАПКА ЗА ПОТРОШЕН МЕДИЦИНСКИ МАТЕРИЈАЛ

Член 1

Со оваа одлука се пропишува мерка за укинување на увозната давачка-царинската стапка при увоз на следните стоки - потрошен медицински материјал:

| **Тарифна ознака** | **Наименување** |
|---|---|
| 2207 10 00 00 | Неденатуриран етилалкохол со содржина на алкохол 80% vol или повисока |
| 2207 20 00 00 | Етилалкохол и други алкохоли, денатурирани, со која и да било содржина на алкохол |
| 2828 90 00 00 | Друго |
| ex3004 90 00 00 | Хидроксихлорокин (Hydroxycloroquine) |
| 3401 11 00 00 | Сапуни за тоалетна употреба (вклучувајќи ги производите со лековити материи) |
| 3401 20 90 00 | Други сапуни |
| 3401 30 00 00 | Органско површински активни производи и препарати за миење на кожа, во форма на течност или крем и приготвени за продажба на мало со или без содржина на сапун |
| 3402 20 90 00 | Детергенти |
| 3402 90 90 00 | Препарати за перење и препарати за чистење |
| 3926 20 00 00 | Пластична облека и прибор за облека (вклучувајќи наракавици, ракавици без прсти и ракавици со еден прст) |
| 6307 90 92 00 | Текстилни драперии за еднократна употреба, изработени од ткаенини од тар. број 5603, од вид кој се употребуваат при хируршки процедури |
| 6307 90 98 00 | Маски пластични со текстилен филтер |
| 9004 90 10 00 | Очила со стакла од пластични маси |

Член 2

Стоките од член 1 ќе се увезуваат заклучно со завршувањето на траењето на вонредната состојба на територијата на Република Северна Македонија.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2440/1
23 март 2020 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.